Врз основа на член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на Р.С. Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Сл. Весник на Р.С. Македонија бр.154/19, 42/20, 48/21, 77/21, 154/23 и 55/24) и член 39 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 17-та седница одржана на ден 17.11.2025 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А
## За распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ

I. Да се распише Јавен конкурс за избор на 7 (седум) члена на Надзорниот одбор на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

II. Кандидатите кои ќе се пријават треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се државјани на Република С. Македонија,
- да имаат високо образование,
- да поседуваат знаење и најмалку 5 (пет) години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење и
- да ги исполнуваат условите утврдени во член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

III. Кандидатите на јавниот конкурс со пријавата треба да достават:
- Уверение за државјанство (не постаро од 3 месеци),
- Диплома за завршено високо образование,
- Кратка биографија (CV),
- Потврда за 5 (пет) години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење,
- Изјава за неспоивост на функции согласно член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заверена на нотар).

IV. При разгледувањето на пријавите поднесени по Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ, ќе се земат предвид само документите доставени во оригинал или во копија заверена на нотар.

V. Кандидатите за членови на Надзорен одбор на МРТ поднесуваат пријава за конкурсот со соодветни докази за исполнување на бараните услови, во затворен плик со назнака (за учество на конкурсот за Надзорен одбор на МРТ).

VI. Конкурсот да се објави на програмите на МРТ и на ВЕБ страната на МРТ.

VII. Конкурсот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на програмите на МРТ.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директор на МРТ,
- Прв и Втор програмски сервис на МТВ,
- Одделение за правни работи,
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО,
- Архива на МРТ.

Програмски совет на МРТ

Бр. 02-6477/2
17.11.2025 г.